Macedonian

**medicare**

# Рецепти за лекови за 60 дена

## Често поставувани прашања



### Што е Програма за фармацевтски бенефиции?

Програмата за фармацевтски бенефиции (Pharmaceutical Benefits Scheme - PBS) ја финансира австралиската влада за да ги субвенционира трошоците за повеќе од 900 лекови на рецепт.

Кога купувате лек кој се наоѓа на листата на PBS, вие ги делите трошоците со владата. Износот што го плаќате на аптекарот за секој рецепт се нарекува партиципација (co-payment). Од 2024 година, максималниот паричен износ што го плаќате за повеќето PBS лекови изнесува 31,60 долари. Ако имате картичка за попусти (concession card), плаќате најмногу 7,70 долари.[1]

### Што се рецепти за лекови за 60 дена?

Почнувајќи од 1 септември 2023 година, многу луѓе со хронична болест можат на еден рецепт да купат резерви за 60 дена на одредени лекови кои се наоѓаат на листата на PBS.[2] Ова ќе го намали износот што луѓето го плаќаат за лекови и, за оние кои имаат само рецепти за лекови за 60 дена, тоа ќе значи помалку посети на доктор или во аптека.

**Се проценува дека рецептите за лекови за 60 дена ќе им заштедат на Австралијците повеќе од 1,6 милијарди долари во следните четири години.**

### Кога се случи ова?

Рецептите за лекови за 60 дена беа воведени постепено во три фази во период од 12 месеци. Првата фаза беше воведена на 1 септември 2023 година. Втората фаза започна на 1 март 2024 година, а третата фаза е достапна сега од 1 септември 2024 година.

**Рецептите за лекови за 60 дена се сега достапни за речиси 300 од приближно 950 лекови кои се наоѓаат на листата на PBS.**

### Како можам да добијам рецепт за лекови за 60 дена?

Ако вашиот лек се наоѓа на листата за рецепти за лекови за 60 дена, можете да го прашате вашиот доктор или здравствен работник дали оваа опција е соодветна за вас. По клиничкото расудување, тој/таа ќе одлучи дали вашата

[1] Освен кога постои доплата за лек од одредена марка (brand price premium). Оваа доплата е дополнителна исплата на производителот на одредена марка на PBS лек. Доплатите се дозволени само кога на листата на PBS лекови се наоѓа лек од друга марка кој аптекарот може да го издаде како замена. За овој лек не се плаќа доплата и е регистриран од Управата за терапевтски производи (TGA). Пациентите треба да разговараат со нивниот аптекар за издавање на лекови за кои не се плаќа доплата.

[2] Ако сте сопственик на Medicare картичка и немате картичка за попусти, вашата заштеда ќе биде помала ако цената на лекот што се издава е помала од партиципацијата на PBS во износ од 31,60 долари. Аптеките може да понудат попусти за лекови кои чинат помалку од партиципација на PBS од 31,60 долари. Големината на попустот е по избор на секоја аптека и може да се менува со текот на времето. Попустите може да важат за рецепти за лекови за 30 и 60 дена, а цената е различна во различни аптеки. Пациент со Medicare картичка, но без картичка за попусти, нема да плати за својот лек повеќе од максималната цена за општи пациенти (General Patient Charge), како што е наведено на листата на PBS (www.pbs.gov.au).



Australian Government
Department of Health and Aged Care

PBS
The Pharmaceutical Benefits Scheme



хронична здравствена состојба е стабилна и погодна за да добивате нов рецепт со подолго времетраење од 60 дена. Сѐ уште ќе можете да ги користите постојните рецепти за лекови за 30 дена како и обично.

## Дали треба да имам картичка за попусти за да имам право на рецепт за лекови за 60 дена?

Не. Не ви е потребна картичка за попусти за да можете да користите рецепт за лекови за 60 дена.

## Кои се придобивките од рецептите за лекови за 60 дена?

- Ако вашиот лек се наоѓа на листата и вашиот доктор или здравствен работник смета дека ги исполнувате условите, ќе можете да добиете двојно поголема количина од лекот на еден рецепт.
- Пациентите кои плаќаат општа партиципација во износ од 31,60 долари би можеле да заштедат до 189,60 долари по лек годишно. Доколку нивните трошоци го достигнат минималниот износ утврден со заштитната мрежа на PBS (PBS Safety Net), ќе заштедат уште повеќе.
- Лицата чии PBS лекови чинат помалку од 31,60 долари сепак ќе заштедат пари. Износот што ќе го платите за вашиот препишан лек може да варира во зависност од тоа каде ви се издава лекот на рецепт и дали ќе изберете лек со заштитено име или генерички лек.
- Сопствениците на картички за попуст чии трошоци за лекови се помали од минималниот износот утврден со заштитната мрежа на PBS би можеле да заштедат до 46,20 долари по лек годишно.
- Со рецепт за лекови за 60 дена, пациентите би можеле да заштедат толку многу на лекови што нема да им треба заштитната мрежа. Други пак ќе го достигнат минималниот износ утврден со заштитната мрежа подоцна во годината, распределувајќи ги нивните трошоци за лекови на подолг период. Ако пациентите го достигнат минималниот утврден износ подоцна во годината, тоа значи дека заштедиле пари во текот на цела година.
- Покрај финансиските придобивки, промените можат да им заштедат време и да им ги намалат патните трошоци на луѓето во руралните и оддалечените области кои живеат далеку од нивната аптека.
- Некои од лековите достапни на рецепти за 60 дена се наоѓаат на листата на PBS со пет пакувања (repeats), што значи дека пациентот може да се снабди со резерва од лекот за 12 месеци.
- Ако луѓето имаат повеќе лекови при рака, се очекува тоа да им помогне да ги земаат како што им е пропишано, со помала шанса да останат без нив дома или кога патуваат.

## Кои лекови се соодветни за рецепти за 60 дена?

Листата на лекови што се соодветни да се издаваат на рецепти за 60 дена беше препорачана од Советодавниот одбор за фармацевтски бенефиции (Pharmaceutical Benefits Advisory Committee), кој ја советува австралиската влада кои лекови треба да се стават на листата на PBS.

Тие вклучуваат лекови за различни хронични состојби како што се астма, анксиозни нарушувања, кардиоваскуларни болести, хронична опструктивна белодробна болест, запек, хронична бубрежна инсуфициенција,

# Рецепти за лекови за 60 дена

## Често поставувани прашања



Кронова болест, депресија, дијабетес, епилепсија, капки за очи за глауком и суви очи, гихт, срцева слабост, висок холестерол, терапија за замена и модулација на хормони, висок крвен притисок, остеопороза, Паркинсонова болест и улцеративен колитис.

Можете да преземете документ со листата на лековите ако кликнете овде.

### Зошто некои лекови не се вклучени?

Некои лекови не се сметаат за подобни да се издаваат на рецепти за 60 дена доколку:

- поголеми количини на лекот може да преставуваат опасност по безбедноста на пациентите и заедницата, или ако лекот е нов и можеби не се познати неговите ретки несакани ефекти
- пациентите кои земаат одредени лекови имаат потреба од редовно следење, како што се тестови на крвта, или дозата на лекот можеби треба често да се приспособува или кога симптомите се непредвидливи
- лекот се препишува за краткорочен третман на симптоми кај хронични заболувања.

Вашиот доктор или здравствен работник ќе одлучи дали рецептот за лекови за 60 или 30 дена е најдобар за вас врз основа на неговата професионална проценка.

### Дали оваа промена ќе влијае на снабдувањето со лекот?

Не се очекува воведувањето на рецепти за лекови за 60 дена да го зголеми недостигот на лекови. Потрошувачите ќе продолжат да купуваат иста количина на лекови секоја година. Додека лицата кои ги исполнуваат условите сега можат да добијат двојно повеќе лекови на еден рецепт, тоа ќе им биде доволно за подолг временски период. Ова значи дека вкупната побарувачка за лекови ќе остане иста.

Повеќето од лековите за кои PBAC препорачува да се издаваат на рецепти за 60 дена не се дефицитарни во Австралија. Во случај на недостиг, обично се достапни алтернативни марки на истиот лек и/или со иста јачина. Во секоја фаза ја надгледувавме листата на лековите кои беа препорачани да бидат вклучени, за да го намалиме ризикот од недостиг.

Фармацевтските компании мора да ја информираат Управата за терапевтски производи (Therapeutic Goods Administration - TGA) доколку очекуваат дека ќе има недостиг на лекови. Ова се однесува на секој лек чија понуда не може да ја задоволи нормалната или очекуваната побарувачка во следните шест месеци.

Промените во Гаранцијата за безбедно снабдувањето со лекови (Medicines Supply Security Guarantee) значат дека производителите на лекови сега мора да имаат поголеми залихи на некои марки на PBS лекови во Австралија, што ќе помогне да се задоволи секоја привремено зголемена побарувачка за овие марки на лекови

Трговците на големо мора да испорачаат лекови до сите аптеки во рок од 24 часа (со исклучок на викенди или празници) доколку резервите се мали. Ова се однесува на повеќето лекови.



Australian Government
Department of Health and Aged Care

PBS
The Pharmaceutical Benefits Scheme

# Рецепти за лекови за 60 дена

**Често поставувани прашања**



## Што мислат пациентите и здравствените експерти за оваа промена?

Воведувањето на рецепти за лекови за 60 дена за низа лекови кои се наоѓаат на листата на PBS беше поздравено од групи на пациенти и доктори, вклучувајќи ги Австралискиот форум за здравје на потрошувачите (Consumers Health Forum of Australia), Фондацијата за срце (Heart Foundation), Фондацијата за здравје на белите дробови (Lung Foundation), Мрежата за рак на дојка (Breast Cancer Network), Здружението на доктори од руралните средини (Rural Doctors Association), Австралиското медицинско здружение (Australian Medical Association), Кралскиот австралиски колеџ за доктори по општа пракса (Royal Australian College of General Practitioners) и многу други.

## Дали мојата локална аптека ќе изгуби пари и што ќе прави владата со заштедите од оваа промена?

Австралиските аптеки веќе прават многу повеќе од обработка на рецепти и имаат многу други извори на приход, како што е вакцинирањето.

Секој долар заштеден од владата повторно ќе биде инвестиран во аптеките во заедницата. Ова финансирање ќе помогне да продолжи да се зајакнува секторот и да се осигура дека нашите доверливи аптекари играат уште поголема улога во здравствената заштита на Австралијците.

**За повеќе информации, скенирајте го овој QR-код**

## Што е заштитна мрежа на PBS?

Заштитната мрежа на PBS (PBS Safety Net) ви помага да плаќате помалку за лекови откако ќе потрошите одреден паричен износ во една календарска година. Овој паричен износ се нарекува „минимален утврден износ" според заштитната мрежа (Safety Net threshold).

За сопствениците на картички за попусти, овој износ е помал. Минималниот утврден износ се зголемува секоја година според индексот на потрошувачките цени, како за општи пациенти, така и за пациенти со картичка за попусти.

Вие и/или вашето семејство треба да го потрошите минималниот утврден износ за лекови само еднаш во една календарска година. Ако исполнувате услови да ја користите заштитната мрежа, плаќате помал износ за PBS лекови, а корисниците на картички за попусти добиваат PBS лекови бесплатно до крајот на годината (плус сите доплати за лекови од одредени марки). За повеќе информации, видете под Програма за фармацевтски бенефиции (PBS) | Систем на заштитна мрежа за лекови.

## Што треба да направам кога ќе го потрошам минималниот утврден износ според заштитната мрежа?

Откако ќе го потрошите минималниот утврден износ, можете да поднесете барање за картичка за користење на заштитната мрежа на PBS (PBS Safety Net card) за да добивате поевтини лекови. За поднесување на барање, разговарајте со вашиот аптекар или посетете ја веб-страницата servicesaustralia.gov.au/pbssafetynet за повеќе информации.



Australian Government
Department of Health and Aged Care

PBS
The Pharmaceutical Benefits Scheme